JUB kemična industrija d.o.o.
Dol pri Ljubljani 28
SI-1262 Dol pri Ljubljani
Slovenija

Член на Групацијата ЈУБ

Боите го менуваат домот

**ТЕХНИЧКИ ЛИСТ 11.22-мк**
ДЕКОРАТИВНИ МАЛТЕРИ

# UNIXIL G 1.0, 1.5, 2.0 и 2.5

силоксанизиран акрилен мазнет малтер

## 1. Опис, употребливост

UNIXIL G 1.0, 1.5, 2.0 и 2.5 се тенкослојни благородни малтери со карактеристична рамномерна зрнеста површина, изработени врз основа на полимерни врзувачи. Наменети се за декоративна заштита на фасадни ѕидни површини на сите видови градежни објекти, дури и за повеќекатни згради со минимална издаденост на стреа. Добро се фаќаат на сите фино рапави градежни подлоги: на основни малтери на фасадни термоизолациски системи, на класични фини варцементни и цементни малтери, на замазнети бетонски површини, како и на плочи од цементни влакна и гипс картон плочи, иверки и сл.

Одбраниот однос помеѓу фини и груби полнила од песок и комбинација на модерни згуснувачи, навлажнувачи и материи за задржување на вода **на малтерските мешавини им обезбедуваат ниска жилавост** што овозможува **полесно нанесување и развлекување,** а и **прилично подолго време за обработка на нанесените малтери.** Високата содржина на силоксански додатоци на малтерите UNIXIL G им обезбедува **добра водоодбивност и висока отпорност на влијанија од чад, ултравиолетови зраци и други атмосфералии и последователно солидна постојаност во секакви климатски прилики.** Се одликуваат и со **висока цврстина** заради (за акрилни малтери) нетипична **релативно висока пропустливост на** пареа, па затоа можеме да ги вградуваме како завршни елементи и во контактни фасадни термоизолациски системи врз минерална волна. На обработените површини им е обезбедена **долготрајна отпорност од зарази со ѕидни алги и мувли,** затоа **додавање на биоцидни материи пред вградување не е потребно**.

## 2. Начин на пакување, нијанси на бои

Пластични кофи од 25 kg:
- бела (нијанса 1001),
- 348 нијанси од картата на бои БОИ И МАЛТЕРИ (на JUMIX станици за нијансирање на продажни места!) – малтери со гранулација 1.5 и 2.0,

- 200 нијанси од картата на бои БОИ И МАЛТЕРИ – нијанси што завршуваат на 2, 3, 4 и 5 (на JUMIX станици за нијансирање на продажни места!) – малтер со гранулација 1.0 и 2.5,
- под определени услови можно е добавување и во нијанси според посебни барања на купувачи.

## 3. Технички податоци

| | | UNIXIL G 1.0 | UNIXIL G 1.5 | UNIXIL G 2.0 | UNIXIL G 2.5 |
|---|---|---|---|---|---|
| густина (kg/dm$^3$) | | ~1,70 | ~1,80 | ~1,80 | ~1,70 |
| време на сушење – суво на допир, T = +20 ºC, рел. влажн. на воздух = 65 % (часа) | | ~6 | ~6 | ~6 | ~6 |
| пропустливост на пареа EN ISO 7783-2 | коефицијент μ (-) | <120 | <120 | <120 | <120 |
| | вредност $S_d$ (m | <0,12 (за d = 1,0 mm) класа I (висока пропустливост на пареа) | <0,18 (за d = 1,5 mm) класа II (средна пропустливост на пареа) | <0,24 (за d = 2,0 mm) класа II (средна пропустливост на пареа) | <0,30 (за d = 2,5 mm) класа II (средна пропустливост на пареа) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| впивање на вода $w_{24}$<br>EN 1062-3<br>($kg/m^2h^{0,5}$) | <0,10<br>класа III (ниско впивање на вода) | <0,10<br>класа III (ниско впивање на вода) | <0,10<br>класа III (ниско впивање на вода) | <0,10<br>класа III (ниско впивање на вода) |
| нафаќање на стандарден варцементен малтер (1 : 1 : 6)<br>EN 24624<br>(MPa) | >0,30 | >0,30 | >0,30 | >0,30 |

главни состојки: винилхлорид-акрилатен врзувач, груби и фини калцитни и алумосиликатни полнила, целулозни и хекторитни згуснувачи, титан диоксид, силоксански додатоци, вода

## 4. Подготвување на подлога

Подлогата треба да биде малку рапава (идеална е рапавост на класично замазнет фин малтер со гранулација од 1,00 mm), цврста (цврстина на притисок најмалку 1,5 MPa – CS II според EN 998-1), сува и чиста, без лошо врзани парчиња, прашина, во вода лесно топливи соли, мрсни облоги и други нечистотии. Можни помали нерамнини – испакнатини и вдлабнатини – го отежнуваат мазнењето на нанесениот малтер, затоа на подготвување на подлогата во таа смисла му обраќаме колку што е можно поголемо внимание.

Новоизградените малтерски подлоги пред вградувањето на декоративниот малтер ги сушиме за секој центиметар на дебелината барем 7 до 10 дена, а на нови бетонски подлоги декоративните малтери не ги нанесуваме порано од еден месец по бетонирањето (наведените времиња на сушење на подлогата важат за нормални услови: T = +20 ºC, релативна влажност на воздух = 65 %). Старите цврсти малтери ги чистиме од сите малтерисувања, опрскувања и други декоративни нанесувања. По чистење површината темелно ја отпрашуваме – најдобро со перење ако е потребно, а потоа ја крпиме и рамниме. Перење со млаз врела вода или пареа посебно се препорачува за плочи од цементни влакна и сите бетонски подлоги, бидејќи од новите на тој начин ги отстрануваме остатоците од оплатни масла, а од старите чад, мов, лишаи, остатоци од наноси на бои и сл.

Соодветните основни средства за премачкување ги наведуваме во долната табела:

| Подлога | Основно средство за премачкување | Потрошувачка<br>(во зависност од апсорбливост и рапавост на подлогата) |
|---|---|---|
| фини варцементни малтери и основни малтери на термоизолациски системи | UNIGRUND<br>(нијанса што поблиску до бојата на малтерот) | 120 – 200 g/m$^2$ |
| | со вода разреден ACRYLCOLOR<br>(нијанса што поблиску до бојата на малтерот<br>ACRYLCOLOR : вода = 1 : 1) | 90 – 100 ml/m$^2$ |
| | со вода разредена<br>AKRIL EMULZIJA<br>(AKRIL EMULZIJA : вода = 1 : 1) | 90 – 100 ml/m$^2$ |
| мазни, слабо апсорбливи површини (бетон, плочи од цементни влакна) и премногу апсорбливи површини (гипс картон плочи, иверки) | UNIGRUND<br>(нијанса што поблиску до бојата на малтерот) | 120 – 200 g/m$^2$ |
| | VEZAKRILPRIMER | ~300 ml/m$^2$ |

Ги нанесуваме со молерска или ѕидарска четка, додека ACRYLCOLOR и AKRIL EMULZIJA може и со текстилно молерско или крзнено валјаче со долги влакна или со прскање. Со вградување на малтерот може да се започне дури откога основното средство за премачкување е сосема исушено. Во нормални услови (T = +20 ºC, релативна влажност на воздух = 65 %) времето за сушење за UNIGRUND е најмалку 12, за VEZAKRILPRIMER

најмалку 24, а за ACRYLCOLOR или AKRIL EMULZIJA 4 до 6 часа.

## 5. Подготовка на малтерска смеса за вградување

Малтерската смеса пред употреба темелно ја мешаме со електрична мешалка, ако е потребно (само во исклучителни случаи) ја разредуваме со вода (најмногу 1 dl на кофа). Задолжително ја проверуваме нијансата на боја, а потоа малтерската смеса ја егализираме за да ги отстраниме и најмалите, можеби за око незабележливи разлики помеѓу поединечни кофи. Во доволно голем сад првин добро ја мешаме содржината на четири кофи. Откако ќе потрошиме четвртина од така подготвената маса, во егализациски сад ја додаваме содржината на наредната кофа и со преостанатата малтерската смеса во садот повторно убаво ја мешаме итн. Егализација на белите малтери на истата производствена шаржа што не сме ги разредувале не е потребна.

Никакво „поправање" на малтерската смеса за време на вградувањето (додавање на средства за нијансирање, разредување и сл.) не е дозволено.

## 6. Вградување на малтерска смеса

Малтерската смеса ја нанесуваме рачно – со не'рѓосувачка челична мистрија – или машински, со прскање – во дебелина нешто повеќе од пречник на најкрупното зрно песок. При нанесување со прскање се придржуваме кон упатствата на производителите на машинската опрема. Веднаш по нанесувањето, површината на малтерот ја замазнуваме со тврда пластична мистрија. Мазниме со кружни движења додека не постигнеме рамномерно зрнеста структура. При мазнење зрната во нанесениот малтерски слој смеат само малку да се движат, туркање на малтерската маса во форма на бран пред мистријата не е дозволено. Настанување на таков бран во повеќето случаи можеме да го припишеме на преголема дебелина на нанос или на лошо подготвена, односно недоволно рамна подлога. Малтерските грутчиња кои се подаваат од површината на малтерот на крај – неколку минути по мазнењето – ги втиснуваме во неа така што површината нежно ја замазнуваме и со чиста не'рѓосувачка челична мистрија.

Работата нека се одвива што побрзо – без прекини од еден до друг краен раб на ѕидот; на ѕидните површини кои се распространуваат преку повеќе етажи, малтерската смеса ја вградуваме истовремено во сите етажи: со нанесување започнуваме во горната етажа, додека во долните етажи работиме со „степенасто задоцнување". Поголемите ѕидни површини ги делиме во помали со соодветно широки олуци, малтерски порабувања и други украси, рамки или на некој друг начин, со што избегнуваме можни проблеми при континуирано вградување на малтер, како и на неестетски изглед, заради можеби недоволно рамна подлога. Спојувањето на површини во аголни и катни рабови го олеснува изработката на неколку центиметри широки фино замазнети појаси кои на обработените површини им даваат и пријатен декоративен ефект. Украсни замазнети појаси, олуци, малтерски порабувања, рамки и сл. обично изработуваме пред вградување на декоративен малтер. Ги заштитуваме со соодветни ѕидни бои при што внимаваме средствата за премачкување да не ги нанесуваме неконтролирано преку нивните рабови на површини подготвени за вградување на декоративен малтер.

Вградувањето на малтерската смеса е можно само во соодветни временски прилики, односно во соодветни микроклиматски услови: температурата на воздухот и ѕидната подлога да не е биде пониска од +5 ºC и да не е повисока од +35 ºC, додека релативната влажност на воздухот да не биде повисока од 80 %. Фасадните површини ги заштитуваме од сонце, ветер и врнежи со завеси, но и покрај таква заштита во дожд, магла или силен ветер (≥30 km/h) не работиме.

Отпорност на свежо обработените површини од оштетувања заради вода од врнежи (испирање на наносот) во нормални услови (T = +20 ºC, релативна влажност на воздухот = 65 %) се постигнува најдоцна за 24 часа.

Рамковна, односно просечна потрошувачка:
~2,0 kg/m$^2$ (UNIXIL G 1.0)
~2,5 kg/m$^2$ (UNIXIL G 1.5)
~3,1 kg/m$^2$ (UNIXIL G 2.0)
~5,0 kg/m$^2$ (UNIXIL G 2.5)

## 7. Безбедност при работа, ракување со отпадоци, чистење на алат

Заштита на очи со заштитни очила или штитник за лице е потребна само при нанесување на малтерската смеса со помош на прскање, во сите други случаи употреба на посебни лични заштитни средства и посебни мерки за безбедност при работа не се потребни. Покрај општите упатства и прописи за безбедност при градежни, фасадерски и молерски работи и упатствата од безбедносниот лист, земете ги предвид и следниве предупредувања:

R 52/53 – Штетно за водни организми: може да предизвика долготрајни штетни дејства врз водни организми.

S 2 – Да се чува надвор од дофат на деца.
S 26 – Доколку дојде во допир со очи, веднаш да се испира со многу вода и да се побара лекарска помош.
S 28 – При допир со кожа веднаш да се испира со многу вода.
S 29 – Да не се фрла во канализација.
S 46 – Доколку го голтнете, веднаш да се побара лекарска помош и да се покаже амбалажата или етикетата.
S 61 – Да не се испушта/депонира во животна средина. Да се земаат предвид упатствата / безбедносниот лист.

Неупотребената малтерска смеса во добро затворена амбалажа ја чуваме за евентуални поправки. Стврднати остатоци и отпадоци се отстрануваат на депонија за градежни (класификациски број на отпадок: 17 09 04) или комунални отпадоци (класификациски број 08 01 12).

Исчистената амбалажа може да биде рециклирана.

Алатот веднаш по употреба темелно го миеме со вода, исушени дамки не можат да бидат отстранети.

## 8. Одржување и обновување на обработени површини

Фасадните површини обработени со малтерите UNIXIL 1.0, 1.5, 2.0 или 2.5 не бараат некое посебно одржување. Нефатена прашина и други нефатени нечистотии можеме да ги исчистиме со метла, правосмукалка или да ги измиеме со вода. Фатена прашина и потврдокорни дамки отстрануваме со лесно триење со мека четка натопена со раствор од вообичаени универзални средства за чистење во домаќинство, а потоа ги плакнеме со чиста вода.

На површините од кои нечистотиите или дамките не можеме да ги отстраниме на опишаниот начин, вршиме обновувачко боење кое опфаќа двослоен нанос од микроармирана фасадна боја REVITALCOLOR AG или микроармирана фасадна боја REVITALCOLOR SILICONE врз претходен нанос на соодветно основно средство за премачкување.

## 9. Чување, транспортни услови и траење

Чување и транспорт при температура +5 ºC до +25 ºC, заштитено од директна сончева светлина, надвор од дофат на деца, НЕ СМЕЕ ДА ЗАМРЗНЕ!

Траење при чување во оригинално затворена и неоштетена амбалажа: најмалку 12 месеци.

## 10. Контрола на квалитет

Карактеристиките на квалитетот на производот се определени со интерни производни спецификации и со словенечки, европски и други стандарди. Постигнувањето на декларираното или пропишаното ниво на квалитет постојано се проверува во нашите лаборатории, во Завод за градежништво во Љубљана, а повремено и во други независни стручни институции дома и во странство, а го обезбедува и во JUB пред повеќе години воведениот систем на целосно совладување и контрола на квалитет ISO 9001. При производство на производот строго ги уважуваме словенечките и европските стандарди од подрачјето на заштита на животната средина и обезбедување на безбедност и здравје при работа, што го докажуваме со сертификатите ISO 14001 и OHSAS 18001.

Соодветноста на UNIXIL 1.5, 2.0 и 2.5 за завршни слоеви во фасаден термоизолациски систем на JUB беше потврдена со европска техничка согласност ETA – во согласност со насоки ETAG 004/2000 тестирањата ги изврши Завод за градежништво во Љубљана и Österreichisches Institut für Bautechnik во Виена.

## 11. Други информации

Техничките упатства во овој проспект се дадени врз основа на нашето искуство и со цел при употреба на производот да се постигнат оптимални резултати. За штета настаната заради погрешен избор на производот, заради неправилна употреба или заради неквалитетна работа не преземаме никаква одговорност.

Нијансата на бојата може да се разликува од отпечатокот во картата на бои или од потврдената мостра, но вкупна разлика во боја ΔE2000 за нијанси според картата на бои на JUB БОИ И МАЛТЕРИ – се определува во согласност со ISO 7724/1-3 и според математички модул CIE DE2000 – е најмногу 2,5. За контрола меродавен е правилно исушен нанос на малтерот на тест подлога и стандард на предметна нијанса кој се чува во TRC JUB d. o. o. За бази и пасти за нијансирање на JUB кои се на располагање е малтерот изработен според други мостри и карти на бои само колку што е можно посличен на оригиналниот, затоа во такви случаи може вкупното

отстапување на бојата од посакуваната нијанса да биде и поголемо од горенаведената гарантирана вредност. Разликата во нијансата на бојата која е последица на несоодветни работни услови, подготовка на бојата која не е во согласност со упатствата во овој технички лист, неземање предвид правила за егализација, нанесување на несоодветно подготвена, премногу или премалку апсорблива, премногу или премалку рапава, влажна или недоволно сува подлога, не може да биде предмет на рекламација.

За завршни слоеви на фасадни термоизолациски системи препорачуваме малтери со светлост (Y) поголема од 25. Потемни малтери и малтери со интензивни нијанси на бои кои можеме да ги постигнеме само со органски пигменти се во потешки експлоатациски услови помалку постојани, помалку отпорни на испирање со вода од врнежи и повеќе склони кон кредање. Рекламации на промени пред сѐ во вид на побрзо изпледување кои можат од таа причина да се појават на изложени фасадни површини, не признаваме. Затоа во врска со условите на употреба на такви малтери и одржување на обработени површини за секој конкретен случај посебно советувајте се со наши стручњаци. Списоци на нијансите на бои кои се спорни во тој поглед се на располагање во продавници со JUMIX станици за нијансирање и во нашата продажна и техничко-информативна служба.

Овој технички лист ги дополнува и заменува сите претходни изданија; го задржуваме правото на можни подоцнежни промени и дополнувања.

Oznaka in datum izdaje: **TRC-364/09-bg-at**, 25.11.2009

**JUB d.o.o.e.l. Skopje**

Bul. Jane Sandanski br. 79/a/3
1000 Skopje
Republika Makedonija
T: +389 2 2454 027
+389 2 2454 027
F: +389 2 2455 235
E: kiril.boskov@jub.com.mk
www.jub.eu